# Корисничко упатство
# за инсталирање соодветен токен на
# Мобилно банкарство
# на ТТК Банка АД Скопје



Апликацијата Мобилно банкарство можете да ја преземете преку **Play Store за Android уреди**, како и **App Store за IOS уреди.**






За потпишување налози преку Мобилно банкарство, потребна е инсталација на Софтверски токен.

Со истиот може да се потпишуваат налози и преку Електронско и преку Мобилно банкарство, без разлика дали на уредот има инсталирано Дигитален сертификат или не.

За активирање токен, потребно е преку Електронско банкарство да се поднесе барања за на тоа на кој уред (Android или IOS) ќе се инсталира токенот.



Се прикажува листа на уреди со кои се имате најавено на апликацијата Мобилно банкарство.

Се одбира уредот преку кој сакате да вршите плаќања и се кликнува на **Испрати барање за издавање софтверски токен**.

Се прикажува листа на уреди со кои се имате најавено на апликацијата Мобилно банкарство.

Се одбира уредот преку кој сакате да вршите плаќања и се кликнува на **Испрати барање за издавање софтверски токен**.

**Барање за издавање на софтверски токен за** [redacted] **со ЕМБГ** [redacted]

| Презиме | Име | ЕМБГ |
|---|---|---|
| [redacted] | [redacted] | [redacted] |
| **Мобилен телефон** | **E-mail** | **ЛК Број** |
| [redacted] | [redacted] | [redacted] |

Адреса

[redacted]

**Преглед и промена на регистрираните уреди.**

☐ Прикажи ги само уредите со валиден токен

Деактивирај го селектираниот Токен

| Селектирај уред за промени | ИД уред | Шифра Уред | Назив Уред | Инфо Уред | Датум Регистрирање | Датум Креирање | Датум Истекување | Валиден |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Селектирај | 27930 | [redacted] | LENOVO Lenovo A6020a41 | OK: | 03.08.2017 17:26:50 | | | Не |
| Селектирај | 6711 | [redacted] | LGE LG-H440n | OK: | 28.02.2016 14:18:24 | 08.05.2017 09:17:55 | 16.01.2018 10:51:07 | Не |
| Селектирај | 34451 | [redacted] | LGE LG-H440n | | 16.01.2018 10:44:05 | 16.01.2018 10:51:55 | 16.01.2021 10:51:25 | Да |

**Испрати барање за издавање на софтверски токен**

Потребно е да внесете валиден е-маил и број на мобилен телефон. На е-маил ќе ви биде испратен првиот дел од шифрата на софтверски токен, додека на мобилниот преку СМС порака ќе ви биде испратен вториот дел од клучот. Во прилог на e-mail пораката добивате **"Мобилно Банкарство - Упатство за работа" и "Упатство за инсталирање на соодветен Токен на Мобилното Банкарство на ТТК Банка"**. За активирање на токенот потребно е потпишување на Барањето за пријавување и негова достава во некоја од експозитурите на банката.



ТТК БАНКА

Софтверскиот токен може да се инсталира на повеќе уреди што ги користи корисникот. За инсталација на нов уред, потребно е да се повтори истата постапка за инсталација.
По барањето за издавање токен за Мобилно банкарство на ТТК Банка АД Скопје, пристигнува шифра на 2 дела и тоа:

- Првиот дел се испраќа преку Е-ПОШТА и гласи: **Вашиот прв дел од клучот е ...**
- Вториот дел се испраќа преку СМС и гласи: **Вашиот втор дел од клучот е ...**







По најавата на апликацијата Мобилно Банкарство, ќе се појави нов прозорец при што откако ќе се вклучите, го одбирате копчето **ПЛАЌАЊЕ** во средина на екранот.

Ако прв пат користите токен или сте ја преинсталирале апликацијата тогаш ќе се појави прозорец за **Регистрација на токен,** каде што ќе треба да ги внесете двата дела од клучот.

Прво се внесува делот од клучот добиен преку **Е-ПОШТА** во првото поле, па потоа клучот добиен од **СМС** порака во вториот дел и на крај се одбира копчето **Процесирај.**






И на крај го внесувате и третиот дел од клучот т.е. **ПИН КОДОТ** што ќе биде потребно да го внесувате секогаш кога ќе извршувате плаќања.




При секоја преинсталација на апликацијата ќе мора повторно да внесете ПИН код, затоа што истиот се пребришува.

Освен за промена на Дневни лимити, преку Мобилно банкарство може да се креираат и потпишуваат ПП30 и ПП50 налози, плаќање на режиски трошоци, барања за Инстант кредити и сите останати услуги, како и потпишувања налози преку Електронско банкарство (на уред на кој немате инсталирано Дигитален сертификат) со генерирање токен за потпишување преку Мобилното банкарство.







